BRAVURA
COOPERATIVA

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ВОЛОНТЕРИ

2023
СЕПТЕМВРИ

**БРАВУРА
КООПЕРАТИВА**





***БРАВУРА КООПЕРАТИВА О***

# П Р А В И Л Н И К

ЗА ВОЛОНТЕРИ НА ХЗ„БРАВУРА КООПЕРАТИВА“од ДЕЛЧЕВО

**П Р А В И Л Н И К** ЗА ВОЛОНТЕРИ НА ХЗ„БРАВУРА КООПЕРАТИВА“од ДЕЛЧЕВО *е изготвен со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанското општество за поврзан Западен Балкан, кој е имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), финансиски поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*
*Содржината на* **П Р А В И Л Н И К** ЗА ВОЛОНТЕРИ НА ХЗ„БРАВУРА КООПЕРАТИВА“од ДЕЛЧЕВО *е единствена одговорност на* ***НА ХЗ БРАВУРА КООПЕРАТИВА*** *и не мора да ги одразува ставовите на Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП), Институтот за демократија и медијација и Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.*

# П Р А В И Л Н И К

ЗА ВОЛОНТЕРИ НА ХЗ„БРАВУРА КООПЕРАТИВА“од ДЕЛЧЕВО

СЕПТЕМВРИ 2023

**<u>*Општи одредби</u>**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат волонтерството, условите и начинот на вршење на волонтерството во„Бравура Кооператива“, како и правата и обврските на волонтерите, договорот за волонтерство и евиденција на волонтерската работа.

**Член 2**

Волонтерство во смисла на Законот и овој Правилник се подразбира доброволно давање на лични услуги, знаење и вештини во корист на организација, или вршење на активности на доброволна основа, без надоместок.

Под волонтерство не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно Законот за работни односи.

**<u>*Услови и начин за вршење на волонтерството</u>**

**Член 3**

Волонтер може да биде домашно или странско физичко лице. Малолетно лице (15-18 год.) може да биде волонтер во организацијата, само со писмена согласност од неговите родители / старатели.

**Член 4**

„Бравура Кооператива“, како организатор на волонтерската работа, ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, начинот и постапката за обезбедување на истите. Странско лице може да волонтира во „Бравура Кооператива“ по исти услови и наначин опишан во овој правилники согласно Законот.

**Член 5**

„Бравура Кооператива“, како организатор на волонтерската работа, не смее да го стави волонтерот во нееднаква положба поради расата, полот, возраста, религиозното, политичкото или друго убедување, национално потекло, статусот на семејството, имотната состојба.

**Член 6**

**<u>*Права и обврски на волонтерот</u>**

Волонтерот има право:
-во писмена форма да го добие описот на правата и обврските кои треба да ги исполни и да биде запознаен со условите пред и за време на волонтирањето;
- да биде запознат со општите акти на организацијата, односно со договорите поврзани со волонтерските услуги за кои е ангажиран;
- на обука, доколку истата е потребна за обезбедување на услугата која е предмет на договорот;
-на отсуство завреме на волонтирањето, ако затоа постојат оправдани причини;
- да биде консултиран и информиран при одлучувањето за начинот на давање на услугите;
- на надоместок за трошоците поврзани со волонтерството (за храна, превоз, службени патувања и трошоци за обука). Трошоците се исплатуваат на начин утврден со Правилникот за финансово работење на„Бравура Кооператива“.

**Член 7**

Волонтерот дава услуги согласноЗаконот за волонтерство и актите на „Бравура Кооператива“, со кои претходно е запознат. Волонтерот дава услуги лично и не посредно. Волонтерот е должен да го извести организаторот на волонтерската работа за причините за неможноста за давање на услуги.

**Член 8**

Волонтерот е должен да ги чува доверливите податоци, односно класифицираните информации на организаторот на волонтерската работа, со кои е запознат пред давањето на услугата и да го извести организаторот на волонтерската работа за штетни последици за кои ез апознат ако score можат да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица.
Волонтерот кој за време на давањето на волонтерската услуга намерно или од крајна небрежност ќе предизвика штета кај организаторот на волонтерската работа, должен е да му ја надомести штетата на организаторот на волонтерската работа, согласносо одредбите о дЗаконот за облигационите односи.
Организаторот на волонтерската работа е должен да му ја надомести штетата на волонтерот предизвикана за време или во врска со давање на волонтерската услуга, согласносо одредбите од Законот за облигационите односи.
Волонтерот кој за време или во врска со давањето на волонтерската услуга ќе предизвика штета кај третилица, должен е да ја надомести согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 9**

***Организаторот на волонтерската работа е должен да:**

- обезбеди услови за вршење на волонтерската работа согласно со Законот и договорот за волонтерска работа;
- му издадена волонтерот волонтерска книшка за волонтерската работа и во истата да ги наведе податоците пропишани со овојз акон;
- обезбеди материјали и средства за вршење на волонтерската работа;
- обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци;
- обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста;
- обезбеди други услови пропишани со овој закон или за кои меѓусебно тие се договориле и
- обезбеди осигурување од професионални болести и повреда на работа за време на волонтирањето, согласно со прописите за пензиското иинвалидското осигурување и прописите за здравствено осигурување, доколку така е договорено.

По основа на трошоците поврзани со волонтерската работа утврдени во договорот, не се плаќа персонален данок на доход согласносо одредбите на Законот за персонален данок на доход.

Организаторот на волонтерската работа е должен со волонтер – домашно физичко лице да склучи договор за волонтерство во писмена форма, доколку волонтерската работатра е повеќе од 40 часа месечно. Организаторот на волонтерската работа може да склучи договор за волонтерство и со волонтер – домашно физичко лице за волонтерска работа која трае помалкуод 40 часа месечно.

Организаторот на волонтерската работа е должен со волонтер – странско физичко лице да склучи договор во писмена форма за волонтерство за сите волонтерски услуги.

Договорот за волонтерство ги содржи следниве елементи:

1) договорни страни:
- организатор на волонтерска работа (назив и седиште) и
- волонтер (име и презиме, адреса на живеалиште, односно на престојувалиште);

2) предмет на договорот

3) место на волонтирање и времетраење на волонтирањето, а доколку не постои постојано место, тогаш се наведуваат само местата каде што се даваат услугите;

4) волонтерски активности или услуги кои се обезбедуваат;

5) посебни права и обврски;

6) начин на осигурување за време на волонтирањето при доаѓање и враќање од местото на волонтирањето и другите активности предвидени за време на волонтирањето;

7) однапред договорени трошоци за волонтирањето и начин на надоместок на истите;

8) начин на престанок и раскинување на договорот за волонтирање и

9) датум и место на склучување на договорот.

**Член 10**

За прашањата кои ќе произлезат од волонтерскиот однос, ако и не се уредени со овој закон, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 11**

***Договорот за волонтерство престанува:**

- со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот или се исполнети условите за кои истиот е склучен;
- соспогодбено раскинување;
- кога организаторот на волонтерството престанува да работи без правен наследник;
- со денот на правосилна одлука за одземање на деловна способност на волонтерот и
- со престанувањето на дозволата за престој во Република С. Македонија.

Волонтерот може да го раскине договорот пред да истече времето за кое е склучен, со Писмена изјава без обврска да ја наведе причината за раскинување на договорот, освен во случај кога раскинувањето може да предизвик аштетни последици во работењето на организаторот на волонтерската работа или на трети лица.

Организаторот на волонтерската работа, може даго раскине договорот за волонтерство:

- со престанување на потребата за волонтирање;
- кога не е во можност да ги обезбеди условите за волонтирање;
- кога ќе констатира дека волонтерот не ги исполнува договорените обврскии
- во случај на кршење на етичките норми, донесени за одделни облици на волонтирање.

Договорната страна е должна писмената изјава за раскинување на договорот да ја достави до другата договорна страна во рок од пет дена пред да го раскине договорот.

**Член 12**

Организаторот на волонтерската работа не смее да склучи договор за волонтерство со цел да се избегне склучување на договор за вработување.

**Член 13**

Сосклучување на договорот за волонтерство, не се губат правата по основ на невработеност согласно со прописите за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Член 14**

**<u>*Евиденција на волонтерската работа и волонтерска книшка</u>**

Организаторот н аволонтерската работа е должен да води евиденција на волонтерската работа за сите волонтери.

**Член 15**

Правилникот стапува на сила со денот н анеговото донесување

Претседател на Собранието
Бравура Кооператива- Делчево

-------------------------------------------------------

SMART
Balkans

Civil Society for Shared Society
in the Western Balkans